# ALEKSANDAR POPOVSKI

лександар

поповски

**PRINTS**
графики



**МКЦ Декември 1997**

Графиката со својот пластичен јазик изразенсо најпрефинети емотивни созвучја, најсоодветно ни ја открива длабоката психичка состојба на уметникот во одреден временски период. Нејзината сензитивна природа и креативните можности кои ги нуди претставуват неисцрпни извори, посебно кога ги прифакаат сите собреме мисли, идеи и начини на изразување, од најпримитивните до најсовремените. Александар Поповски, претставник на најмладата генерација ликовни творци, во своите дела создава независни креации со длабоко скриена перцептивна содржина. Изложените дела претставуваат инзвонредна конструкција на елементи во просторот кои е максимално рационално искористен, ослободен од секаква наративност и пиктуралност. Како елемент со приоритетна функција, тој е носител на главните идеи и пораки: најчесто е празен простор ( симбол на бесконечност или слобода ) или исполнет со ликовни продори од елементи кои можат да бидат надвор од вообичаените рамковни конструкции. Конструктивната дводимензионалност ја исполнуваат секојдневни елементи од животод кои во отисокот добиваат ликовно значење. Особено воочливата комнбинација со букви ( зборови, букви или фрази ) остава впечаток дека кај нив строго вербалните значења се секундарни, додека примарно е ликовното значење и нивното сместување во просторот. Колоритот, како и другите елементи е крајно редуциран и се сведува само на црна и црвена боја со мала примена на сива. Фигурата, застапена во графиките има експресивен израз и е во интерес на ликовната порака. Целата композиција, од една страна разложена на нејзините делови, а од друга страна во кохерентно единство на сите елементи, буди асоцииации на стари плакатски решенија. Со начинот на третирање на проблемот ( концептуална ликовност на симболот ) и со користењето на медијумот како порака, авторот на изложените дела покажува сестран современ интерес за надминување на вообичаените конвенционални рамки.

Лилјана Христова, историчар на уметност



Репродукција број 3

The graphics, with its plastic speech transmitted through the most refined emotional accords, express a deep psychological state of the artist at a certain time, in the most appropriate way. Their sensitive nature, as well as the creative capabilities which they offer, are an inexhaustable resource, especially when the most contemporary thoughts, ideas and methods of expression, from the most primitive ones to the most contemporary ones, are being addopted.

In his pieces of art, Aleksandar Popovski, the representative of the youngest generation of artists, makes independent creations with a deeply hidden perceptive content.The exhibited pieces are an excellent construction of elements in the space, that has been maximally and rationally made use of, free of all kinds of narration and picturesqueness.As an element of priority function, the space is the conveyor of the main ideas and messages; most oftenly that is the empty space (a symbol of infinity or freedom) or filled in with artistic intrusions of elements that could be beyond the usual frames of the construction.

The constructive two-dimensionality has been filled with elements of everyday life ( the print of which gives an artistic meaning ).The very obvious combinations of letters (words, letters or phrases) give the impression that their strict verbal meanings are of secondary importance; while their artistic meaning and location in the space are of primary importance.

The colouring, just as the other elements, has been maximally reduced and only the black and red are being present, with occasional applications of grey.The figure that is present in the graphics, expresses and supports the artistic message.The composition as a whole, on the one hand decomposed to its smallest constituents and on the other in a coherent unity of all elements, arises associoations of old poster solutions.

In the way of treating the problem (the conceptual art of the symbol) and also the use of the medium as a message, the author of the exhibited pieces of art shows a versatile contemporary interest in raising himself above the conventional frames.

Liljana Hristova, historian of art
Translated by: Marina Gugucevska

Роден. Забршил. Изложби. Живее.



Born. Graduated. Exibitions. Lives.










design: Aleksandar Popovski
printed by: ANS - Bitola

SCCA
SOROS CENTER FOR CONTEMPORARY ARTS - SKOPJE, MACEDONIA
СОРОС ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

Според Министерството за култура на Р. Македонија се плаќа повластена даночна стапка

CIP- Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Климент Охридски", Скопје

76.036(497.17)(06.064)Поповски, А.

ПОПОВСКИ, Александар
Графики: МКЦ [Младински културен центар, Скопје] декември 1997 / Александар Поповски = Prints / Aleksandar Popovski; [design Aleksandar Popovski]. -[Б.м. : б.и.], 1997 (Bitola ANS). -1 пресвиток ( [6] стр. ): илустр. ; 20 см

Кор. насл. - Предговор / Лилјана Христова. - Текст на мак. и англ. јазик.

1. Popovski, Александар види Поповски Александар

ISBN 9989-644-11-X

CIP- Каталогизација во п
Народна и универзи
...тека "Климент